Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 26 - 1125/1
14.02 2024 год
ОХРИД

Согласно Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид и Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2024 година, Општина Охрид објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ЗА 2024 година**

Кандидати кои можат да аплицираат се здруженија на граѓани во партнерство со месни и урбани заедници со седиште во општина Охрид како матична општина каде и ќе се спроведуваат проектните активности.

1. **Начини на пријавување и процедури коишто треба да се следат**

Заинтересираните мора да ги поднесат своите предлози користејќи го формуларот за пријавување којшто е достапен на http://www.ohrid.gov.mk
Комплетната проектна документација треба да ги содржи следнива документи:

- Потпишан Договор за поддршка на проектот, проектно партнерство и соработка со месна заедница во руралните населби или урбана заедница во урбана средина.
- Пополнет "Апликационен формулар со буџет" – кој е објавен на веб страната на општина Охрид www.ohrid.gov.mk
- Копија од тековна состојба на правниот субјект од Централен регистар и
- Проектната документација треба да биде доставена во еден (1) примерок во оригинал и две (2) копии како и електронска верзија на проектниот предлог доставена на CD.

Крајниот рок за прием на пријавите е **15 дена од денот на објава на повикот, до 14:30 часот.** Пријавите кои ќе пристигнат по завршувањето на крајниот рок ќе бидат автоматски одбиени.

Целосната документација да се достави на следната адреса:

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Сектор за туризам и ЛЕР**
**ул. Димитар Влахов бр. 57**
**6000 Охрид**
**со назнака:**

**"ЈАВЕН ПОВИК" –**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ЗА 2024 година.**

Подетални информации за условите за аплицирање се дадени во **Упатството за аплицирање на проекти за Г1 и Г2 Програма**. Пред да го пополните Апликационит формулар Ве молиме внимателно да го прочитате Упатството бидејќи апликационите формулари **кои не ги**

**<u>содржат сите потребни податоци и кои не се во согласност со условите, нема да бидат земени за оценување.</u>**

За сите заинтересирани апликанти дополнително на општинската веб страница ќе биде објавена информација за одржување на информативна сесија за овој повик.

**Напомена:** Правото за аплицирање месните и урбаните заедници ќе можат да го остварат преку заедничка соработка со здруженија на граѓани изразена преку потпишан Договор за поддршка на проектот, проектно партнерство и соработка со месна заедница во руралните населби или урбана заедница во урбана средина.

Барањето за користење на средства од оваа програма и доставената документација НЕ СЕ ВРАЌААТ. Заради извршувањето на контролата на терен од страна на Комисијата на Секторот за туризам и ЛЕР, потребно е барателот да има кај себе копија од целокупната документација доставена на јавниот повик.

Подетални информации на контакт e-mail адреса: info@ohridler.gov.mk .

Изработил: Кифни Усеини

Контролирал: Симе Стефаноски

Одобрил:

Општина Охрид
Сектор за ТЛЕР
Раководител
М-р Ѓоко Апостолов

Република Северна Македонија
Општинска администрација
О Х Р И Д